ДРЖАВЕН ЗАВОД ЗА РЕВИЗИЈА

ул. Македонија 12/3
Палата Македонија
Скопје, Р.Македонија
Тел: + 389 2 3211 262
Факс: +389 2 3126 311
e-mail: dzr@drz.gov.mk
www.dzr.gov.mk

Број:13-314/8

Дата: 24.04.2015

ДО
МИНИСТЕРСТВО ЗА ЖИВОТНА СРЕДИНА И ПРОСТОРНО ПЛАНИРАЊЕ

# КОНЕЧЕН ИЗВЕШТАЈ НА ОВЛАСТЕНИОТ ДРЖАВЕН РЕВИЗОР

## Резиме на резултатите

Нашата ревизија претставува извршена активност планирана со Годишната програма на ДЗР за 2014 година.
Ова известување претставува наше мислење по извршена ревизија на успешност која се однесува на областа/медиум воздух во Република Македонија со цел оценка на „Ефикасност на мерките за обезбедување на квалитетот на воздухот во Република Македонија“.
Нашата ревизија беше насочена кон повеќе откриени ризици кај споменатите области кои генерално се однесуваа на давање одговор на следното прашање:

**“Дали досегашниот степен на имплементација на мерките за обезбедување на квалитетот на амбиентниот воздух во Република Македонија значи негово подобрување и нивното влијание врз намалување на ефектите од загадување”?**

Со ревизијата се насочивме првенствено кон активностите од областа кои се во надлежност на повеќе институции и тоа: МЖСПП, Управата за животна средина – УЖС, ДИЖС органи во состав на МЖСПП, Институт за јавно здравје, Центри за јавно здравје, единици на локална самоуправа – Сектор за животна средина и Сектор за инспекциски надзор, односно кон институции кои имаат делокруг на работа поврзан со предметот на ревизијата.
Целокупниот опфат како и доказите кои ги обезбедивме по пат на спроведените техники и методологија од страна на ревизијата, ни дадоа основа да го изразиме следниот заклучок:
Респектирајќи ги досега преземените мерки и активности и постигнати резултати во делот на донесување на Планските документи, сметаме дека во периодот опфатен со ревизијата во Република Македонија преземените мерки и активности не се доволни да се создадат услови за долгорочна политика за подобрување на квалитетот на воздухот, а досегашниот степен на имплементација на мерките за

обезбедување на квалитетот на воздух во Република Македонија, не обезбедуваат негово подобрување и влијание врз намалување на ефектите од загадување.
Со обезбедување на ефикасно управување со квалитетот на амбиентниот воздух, целосен мониторинг на квалитетот на амбиентниот воздух и изворите на емисии, комплетен информативен систем, финансирање на мерките за медиумот воздух согласно условите предвидени во ЗКАВ како и со спроведување на инспекциски надзор над активностите, ќе се создадат услови за подобрување на квалитетот на воздухот.

Периодот кој беше опфатен со нашата ревизија е 2012– 2014 година, а дадени се состојби и настани кои се случиле и претходно и последователно.

Прелиминарните истражувања кои ревизорскиот тим ги спроведе беа насочени кон следниве области:

I. **Управување со квалитетот на амбиентниот воздух** ревизијата имаше за цел да даде одговор на повеќе ревизорски прашања поврзани со откриените слабости и ризици од аспект на следното:
Оценката за квалитет на воздухот е некомплетна поради отсуство на редовни мерења преку државната мрежа, локалната мрежа и репрезентативни мерења што се должи на неисправност на мерните станици, поради што не е обезбеден континуиран процес на добивање на податоци за загадувањето во РМ. Исто така Информативниот систем за квалитет на амбиентниот воздух е некомплетен поради нецелосност на базата на податоци за управување и заштита на квалитетот на амбиентниот воздух, како и необезбедено одржување и ажурирање на Катастарот на загадувачи на воздух што има за ефект неможност да се утврди степенот на загаденост на амбиентниот воздух.
Мониторингот на состојбите и промените на квалитетот на амбиентниот воздух се доведува во прашање поради необезбедени услови на следење, набљудување, испитување и оценување на влијанието на загадувањето врз квалитетот на амбиентниот воздух, неизвршената оцена на влијанието на загадениот амбиентен воздух врз здравјето на луѓето и животната средина.
Присутен е ризик од можни надминувања на граничните вредности наведени во ИСКЗ дозволите, поради тоа што дел од инсталациите (правни субјекти) не доставуваат извештаи од извршени мерења од мониторинг на емисии од стационарни извори што има влијание врз инвентаризацијата како и оценувањето на квалитетот на воздухот во РМ.
Поради изнесеното сметаме дека во оваа област се присутни ризици и има потреба од преземање на мерки и активности кон елиминирање на споменатите

недостатоци во функција на обезбедување основа за отпочнување на долгорочна политика за заштита на квалитетот на амбиентниот воздух во РМ.

II. **Имплементација на мерките за подобрување на квалитетот на воздухот предвидени во планските документи согласно ЗКАВ, како и мерките предвидени со заклучоците на Владата на РМ** – во оваа област ревизијата имаше цел да даде одговор на ревизорски прашања поврзани со следното:

Донесените мерки предвидени во Националниот план за заштита на амбиентниот воздух се долгорочни и комплексни, интерсекторски поради тоа што вклучуваат повеќе области кои треба да се спроведат од страна на институции на централно и локално ниво, како и од поединечни инсталации.

Ревизијата не доби уверување дека за донесените мерки се предвидени оперативни планови за реализација по институции на централно и локално ниво како и за инсталациите, поради што постои ризик дали истите ќе се имплементираат.

Исто така не се создадени услови за имплементација на мерки предвидени во Националната програма за редукција на количини на емисии кај енергетските компании и кај оние инсталации кои треба да поседуваат ИСКЗ дозволи бидејќи сеуште користат стари техники. За да се обезбеди унапредување на стандардите за животна средина како и да се исполнат целите предвидени во Националната програма за редукција на количини на емисии, што е обврска на РМ, неопходна е примена на нови технологии, за што инсталациите во досегашниот период делумно не се подготвени да ги применуваат.

Планот за квалитет на воздухот се донесува на ниво на зона и агломерација, а не на ниво на општина. Од овие причини, општините иако можат самостојно да дејствуваат во услови кога нивоата на загадувачките супстанции во воздухот ги надминуваат граничните вредности, истите не преземаат мерки за намалување на загадувањето.

III. **Услови за имплементирање на мерките за заштита и подобрување на квалитетот на амбиентниот воздух** - ревизијата имаше за цел да даде одговор на следното:

МЖСПП досега нема обезбедени средства за реализација на мерките предвидени во националните плански документи иако за истите во ЗКАВ се предвидени извори на финансирање. Државната мрежа за мониторинг систем за квалитет на амбиентниот воздух е делумно финансирана, односно не се обезбедени средства неопходни за резервни делови за мониторинг станиците со цел континуитет во нивното работење, сервисирање на истите и сл. Исто така не се обезбедени средства за акредитирање на Централната лабораторија што е од големо значење особено за државните инспектори за животна средина, бидејќи не постои можност за валидација на примероците земени од инсталациите. При вршењето на увидите

не се постапува согласно одредби од ЗКАВ, туку согласно одредби од ЗЖС. Оттука произлегува дека се доведува во прашање улогата на контролниот механизам, но и имплементација на одредби од ЗКАВ.

Поради тоа сметаме дека услови за имплементирање на мерките за заштита и подобрување на квалитетот на амбиентниот воздух не се обезбедени почнувајќи од финансирање на мерките предвидени во националните плански документи, финансирање на Државната мрежа за мониторинг систем за квалитет на амбиентниот воздух, па се до контролниот механизам и неговата улога во медиумот –воздух.

**IV. Ефектите од мерки и влијание врз животната средина и здравјето на луѓето** – ревизијата во оваа ризична област имаше за цел да даде одговор на следното:

Во Националниот план предвидени се мерки за заштита на човеково здравје но истите се сведуваат само на проценка на здравствените ризици на загадувањето на воздухот а не на конкретни активности за намалување на ризиците. ИЈЗ располага со податоци за здравјето на жителите на Град Скопје врз основа на свои истражувања како и информации обезбедени од други официјални извори, но ИЈЗ укажува дека постојат ефекти кои се уште не се измерени поради недостиг на одредени здравствени податоци.

Имајќи го во предвид мислењето дадено по ризични области сметаме за неопходно да укажеме дека, подобрување на квалитетот на амбиентниот воздух во РМ може да се постигне доколку се обезбеди: управување со квалитетот на амбиентниот воздух, целосен мониторинг на квалитетот на амбиентниот воздух и изворите на емисии, комплетен информативен систем, финансирање на мерките за медиумот воздух согласно условите предвидени во ЗКАВ како и спроведување на инспекцискиот надзор според одредбите од истоимениот закон. Исполнувањето на условите од овие области ќе значи во целост исполнување и подобрување на условите за имплементација на мерките за заштита и подобрување на квалитетот на амбиентниот воздух предвидени во планските документи како и ефектите од мерки и влијание врз животната средина и здравјето на луѓето.

Во насока на надминување на утврдените состојби, ревизијата даде препораки со цел преземање мерки за надминување на истите. Затоа укажуваме, дека дадените препораки се од особена важност за сите релевантни фактори во областа ако се има предвид интересот на јавноста и улогата на сите клучни институции вклучени во областа предмет на ревизија.

На ден 29.01.2015 година во просториите на МЖСПП одржана е завршна средба со субјектите учесници во процесот на управување со квалитетот на воздухот во РМ,



Ревизорски тим:
*1.*
*2.*
*3.*

Овластен државен ревизор

со цел запознавање на истите со основните оценки и препораки произлезени од извршената ревизија.

Законскиот застапник на министерството на ден 08.04.2015 година достави забелешки по Нацрт извештајот на овластениот државен ревизор, број 10-2977/2 од 06.04.2015 година. Забелешките беа разгледани дел од истите не се прифатени од причина што не се доставени нови докази кои би имале влијание на промена на констатираните состојби, а дел претставуваат известување за преземените активности по утврдените состојби и дадените препораки кои соодветно се обелоденети во Конечниот извештај.



Ревизорски тим:
*1.*
*2.*
*3.*

Овластен државен ревизор